# ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за заштита и спасување

ПРЕТСТАВНИК: Звонко Томески
Командант на ТППЕ - Скопје

Предлог-Одлука
за одобрување набавка на две
специјални противпожарни возила-автоцистерни

Скопје, март 2022 година

Предлог

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број  05/02) Советот на Град Скопје на ______________ седница, одржана на ___________ 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување набавка на две**
**специјални противпожарни возила-автоцистерни**

**Член 1**

Со оваа одлука се  одобрува набавка на  две специјални противпожарни возила-автоцистерни**.**
Техничките карактеристики на специјалните противпожарни возила-автоцистерни ќе бидат дефинирани во тендерската документација.

**Член 2**

Средствата за набавка на специјалните противпожарни возила-автоцистерни во износ од 12.000.000,00 денари се обезбедени во Буџетот на Град Скопје за 2022 година.

**Член 3**

Специјалните противпожарни возила-автоцистерни да се набават согласно одредбите на Законот за јавни набавки.

**Член 4**

Специјалните противпожарни возила-автоцистерни да се заведат во евиденцијата за основни средства во Секторот за финансиски прашања.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ”Службен гласник на Град Скопје”.

**Број -_________** **СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**

**___.___.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Трајко Славески**

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на предложената одлука е членот 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), каде е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје.

Набавката е наменета за потребите на Териоријалната противпожарна едиица на Град Скопје, за обновување на возниот парк со ваков тип на возила и нормално функционирање на единицата.

За реализација на оваа набавка предвидени се средства во износ од 12.000.000.00 денари.

Ваквиот вид на возила се неопходни во секојдневното работење на единицата за доставување на основното средство за гасење на пожари „вода” и истите би биле со минимален капацитет од 7000 литри опремени со стандарден тип на противпожарна опрема.

Оваа набавка на основни средства кои се користат во редовното вршење на работните задачи во пожарникарството е неопходно потребна и е согласно Правилникот за правилата за вршење на службата, како и минималните критериуми за сметување, техничка опрема и средства за гасење на пожари со кои треба да располагаат противпожарните единици. („Сл.весник на Република Македонија“ бр. 19/06).

Од горенаведените причини се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе одлуката за одобрување на набавка на две специјални противпожарни возила-автоцостерни.